РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 01-314/1
20.05.2025 год.
ОХРИД

NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018) и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 265/2024),. директорот на Националната установа Охридско лето – Охрид донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Охридско лето -Охрид**

**Член 1**

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Охридско лето -Охрид, со архивски број 01-271/1 од 05.07.2020 година.

**Член 2**

Член 10 се менува и гласи: Одделенијата се составени од **раководители**, советници, стручни соработници, соработници и помошнотехнички лица кои самостојно или со помош на менторство ги извршуваат своите задачи. Со одделенијата раководи **раководителот на одделението односно** Директорот **кога во одделението нема раководител**. Во целиот процес на извршување на работните активности вработените во оделенијата соработуваат меѓу себе. Секој вработен во одделението има точно определена работана задача и тесно соработува со другите колеги во одделенијата. За успешно извршување на работните задачи одделенијата рамноправно соработуваат меѓу себе.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор на НУ „Охридско лето“ Охрид и Министерството за јавна администрација.

**НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид**
**Директор**
**м-р Ѓорѓи Цуцковски**


Директор
Одделение за административни, општи и правни работи
Одделение за програма
Одделение за маркетинг
Одделение за сценско техничка реализација